Упатство за употреба

WINIX
ПРОЧИСТУВАЧ НА ВОЗДУХ

Model ZERO (AZBU330-HWE)

Употреба и одржување

- Ве молиме прочитајте го упатството пред да го вклучите уредот.

СОДРЖИНА

4 ФАЗИ НА ПРОЧИСТУВАЊЕ 3

КОНТРОЛИ 4

ЛОКАЦИЈА 5

ИНСТАЛИРАЊЕ НА ФИЛТРИ 6

БЕЗБЕДНОСТ И ПРЕТПАЗЛИВОСТ 8

ИНСТАЛАЦИЈА 9

АВТО И НОЌЕН МОД 10

РАЧЕН МОД И ТАЈМЕР 11

PLASMAWAVE® И ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ 12

ОДРЖУВАЊЕ НА ФИЛТРИТЕ 13

ОДРЖУВАЊЕ НА ПМ СЕНЗОРОТ 17

ЧИСТЕЊЕ НА УРЕДОТ 18

ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА 19

СПЕЦИФИКАЦИЈА 21

▶ **Само за 220 - 240 V.**

4 ФАЗИ НА ПРОЧИСТУВАЊЕ



Контроли

Чистиот воздух излегува од горе

PlasmaWave® индикатор
Свети кога PlasmaWave® работи

Копче за ресет
Откако ќе ги промените филтрите притиснете го ресет копчето околку 5 секунди

Тајмер индикатор
Доколку тајмерот е сетиран индикаторот прикажува на колку време е сетиран

Копче за мод
Со притискање се менува модот, авто мод, ноќен мод

Индикатор за брзина
Ја прикажува брзината на вентилаторот



Сензор за светлина
Детектира намалено присуство на светлина за ја намали луминацијата на панелот и да го стави уредот во ноќен мод (доколку е на авто мод)

PlasmaWave® копле
Вклучи/исклучи PlasmaWave®.

Копче за Тајмер
Притиснете неколку пати за да го сетирате времето (1h, 4h, 8h, или исклучено)

Индикатор за квалитет на воздух
ЛЕД дисплеј со три нивоа на бои

Копче за вклучување
Се вклучува или исклучува уредот

Копче за брзини
Рачен мод. Со притискање се регулира брзината, спора, средна, јака и турбо

Индикатор за промена на филтер
LED индикатор за промена на филтри

ЛОКАЦИЈА

Ставете го на 30 - 45 cm. од телевизори, радио приемници или други уреди.
Електромагнетна индукција од уредите може да предизвика дефекти.

Ставете го подалеку од директна сончева светлина.
Директна изложеност на сонце може да предизвика проблеми.

Ставете го на рамна и права површина.
Во спротивно може да вибрира.



ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ Следете ги овие упатства за да избегнете повреда или оштетување на уредот.

- Не го ставајте во предели каде што има метална прашина или чадови што содржат мрснотија.
- Не го ставајте во близина на грејни тела
- Не го инсталирајте уредот во транспортни средства како што се автомобили, бродови и сл.
- Не го ставајте уредот во простории каде што има големи концентрации од јаки концентрации на гасови.
- Не го ставајте уредот до запалливи материи.
- Не го ставајте уредот кај што има ветер или промаја.
- Не го ставајте под штекери.
- Не го ставајте уредот на локации што се влажни.

ИНСТАЛАЦИЈА НА ФИЛТРИТЕ

Во уредот се спакувани сите потребни филтри. Пред да се пушти во работа, филтрите мора да се отпакуваат.

※ Доколку го работите уредот без да ги отпакувате филтрите, уредот може да прегори.

※ Уредот треба да биде исклучен од струја додека ги инсталирате филтрите.

① Отворете го предниот панел со повлекување нанапред.



② Извадете ги филтрите. Тие се спакувани во пластична ќеса.



③ Извадете ги филтрите од паковката.

- Доколку не ги отпакувате филтрите уредот може да се расипе.



Забелешка • Погледнете ги страните 13 - 15 за промена на филтри.

ИНСТАЛАЦИЈА НА ФИЛТРИТЕ

④ Инсталирајте ги филтрите.

Филтрите мора да се стават по редослед

3 Вистински ХЕПА филтер (назад)

2 Филтер со активен јаглен(средина)

1 Пре-филтер (напред)

- За да го инсталирате пре-филтерот, прво ставете ги долните запчиња во лежиштето а потоа и горниот дел. Треба да чуете звук на клик.



⑤ Затворете го предниот панел. Прво ставете го на долната ногарка и затворете го горниот дел. На горниот дел има магнети.



⑥ Кога да се чистат/променат филтрите:

Филтер	Индикатор	Кога да се чисти	Кога да се промени
1 Пре-Филтер	Нема	Да се чисти на 14 дена	Перманентен
2 Филтер со ак. јаглен	Нема	Не смее да се пере	На секои 3 месеци
3 Вистински ХЕПА ф.	Check Filter		Трае од 6~12 месеци

※ Интервалите за промена може да варираат во зависност од условите.

※ За оптимални услови, чистете го префилтерот на 14 дена за да го продолжите времето на живот на ХЕПА филтерот.

За да купите филтри

контактирајте го локалниот дилер

БЕЗБЕДНОСТ И ПРЕТПАЗЛИВОСТ

Пред да го вклучите уредот, внимателно прочитајте ги препораките за безбеност:

Уверете се дека филтрите се поставени
Доколку го работите уредот без филтри може да му го скратите животниот век.

Бидете сигурни дека никакви надворешни објекити не се сметнати во усисните отвори
обкејти како што се игли, парички и друго

Да го допирајте внатрешниот дел од уредот со влажни раце
Може да доживеете електричен шок

Осигурете се дека усисните и издувниот отвор не се блокирани
Блокирањето на слободното струење на воздух може да го загрее и оштети уредот

Не се потпирајте на уредот и не ставајте предмети на него
Може да се повредите или да го деформирате уредот

Предупредување Следете ги следните инструкции за да избегнете ризик за повреда или смрт или оштета на уредот.

- Не влечете го кабелот кога го исклучувате уредот
- Доколку уредот се потопи со вода исклучете го и јавете се во сервис
- Не приклучувајте други уреди во истиот штекер
- Исклучете го уредот од струја кога не ко корисите подолго време
- Не го врзувајте кабелот додека уредот не работи
- Не го исклчувајте уредот од струја додека работи
- Не го допирајте кабелот со водени раце
- Кабелот може да се оштети доколу се превиткува, тегне, усукува, удира или доколу на него се ставаат објекти

※ Доколку кабелот се оштети треба да се замени во овластен сервис.

※ Децата треба да се надгледуваат за да не си играат со опремата

ИНСТАЛАЦИЈА

① Приклучете го кабелот во штекер.



② Притиснтете го ‘Power’ копчето.



Забелешка

- Во првите 30 секунди, индикаторот за вкалитет на воздух ќе трепка плаво, жолто, црвено.
  На сензорот за ПМ честички му се потребни околу 30 сек. за калибрација, па потоа нормално ќе работи.

③ Стандардно, кога ќе се вклучи уредот модод е во "Auto with PlasmaWave"

- Кога е во авто мод, брзината на вентилаторот се контролира автоматски во завиност од квалитетот на воздухот.
- PlasmaWave® служи за да ги редуцира разни нечистотии од воздухот.



Забелешка

- Во Авто мод, кога квалитетот на воздухот се подобрува, брзината на вентилаторот се намалува.
- Кога уредот работи, може да слушнете крцкав звук Овој звук е предизвикан од PlasmaWave и е нормален и и не значи дека уредот е расипан. Ако сакате да ја исклучите функцијата PlasmaWave®, погледнете ст. 12.

АВТО И НОЌЕН МОД

1. Авто мод

Овозможува автоматски мод базиран на вграденит сензор за честички.

① Притиснете го копчето "Mode" и изберете Auto

- ЛЕД индикаторот ‘Auto’ ќе свети и значи дека авто модот е активиран.



Забелешка

- Во авто мод, брзината на вентилаторот се регулира автоматски во согласност со квалитетот на вуздух. Како што се подобрува квалитетот на воздух, брзината на вентилаторот се намалува и обратно.

2. Ноќен мод

① Притиснете го копчето Mode и изберете Sleep

- ЛЕД индикаторот "Sleep" ќе свети и значи дека ноќниот мод е активен.



Note

- Кога е селектиран ноќен мод, брзината на вентилаторот е на минимум. Брзината може рачно да се промени доколку го ставите уредот во рачен мод.
- Кога ноќниот мод е активен, индикаторот за квалитет на воздух е исклучен.

РАЧЕН МОД И ТАЈМЕР

3. Рачен мод (произволна брзина на вентилаторот)

Рачно може да се избере спора, средна, брза или турбо брзина.

① Притиснете го кочето Fan Speed за да ја изберете саканата брзина на работа.



Забелешка

- Кога е избран рачен мод, авто модот се исклучува.

4. Тајмер

Кога тајмерот ќе се сетира, уредот ќе се исклучи за одредено време.

① Притиснете го копчето Timer за да го сетирате саканото време на работа.
   - Тајмер индикаторо го прикажува времето по кое ќе се исклучи уредот.
   - Со притискање на Timer коплето тајмер индикаторот ќе се менува 1hr, 4hr, 8hr, [тајмер исклучен]



PLASMAWAVE® И ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ

5. PlasmaWave®

Стандардно PlasmaWave® се вклучува со самото вклучување на уредот.

① Притистете го копчето Plasmawave за да ја вклучите/исклучите функцијата.



Забелешка

- Во Авто мод, кога квалитетот на воздухот се подобрува, брзината на вентилаторот се намалува.
- Кога уредот работи, може да слушнете крцкав звук Овој звук е предизвикан од PlasmaWave и е нормален и и не значи дека уредот е расипан.

6. Индикатор за квалитет на воздух

Лед индикаторот прикажува три нивоа на квалитет и тоа: плаво(одлично), жолто (нормално), црвено(лошо).

Забелешка

- Прикажаниот квалитетот на воздух е на база на сензорот за ПМ честички. Во зависност од моменталните услови индикаторот може фрекфентно да ја менува бојата или да остане на иста боја за одреден временски период.

ОДРЖУВАЊЕ НА ФИЛТРИТЕ

1. Опис на филтрите

Кога ќе светне индикаторот за промена на филтри, време е да се променат хепа филтерот и филтерот со активен јаглен.

Филтер	Индикатор	Кога да се чисти	Кога да се смени
1 Пре-филтер	нема	Чистете го секои 14 денови	Перманентен, не се менува
2 Филтер со активен јаглен	нема	Не се пере.	Промена на секои 3 месеци
3 Вистински ХЕПА филтер	Check Filter		Трае од 6~12 месеци

※ Интервалите на промена на филтрите може да варираат во зависност од условите.

※ За оптимални перформанси чистете го пре-филтерот на 14 дена.

За да купите филтри

контактирајте го локалниот дилер



Филтер со активен јаглен/
Вистински хепа филтер

Забелешка

- Животот на филтерот зависи од нивото на загаденост. Поголема загаденост/прашина во воздухот, повеќе се акумулира во филтрите, се скратува времето на промена.

ОДРЖУВАЊЕ НА ФИЛТРИТЕ

2. Одстранување на филтрите

Исклучете го уредот пред да ги вадите филтрите.

① Отворете го предниот панел со влечење на горниот дел нанапред.



② Притистете ги јазичињата на горниот дел од пре-филтерот и извелечете го префилтерот нанапред.



③ Извелечете ги филтрите со активен јаглен и вистинскиот хепа филтер.



3. Подготовка на новите филтри

① Извлечете ги филтрите од пластичната кеса

- Доколку го вклучите уредот а филтрите се неотпакувани, уредот може да прегрее и прегори.



ЗАБЕЛЕШКА • За оптимални перформанси користете оригинални филтри

ОДРЖУВАЊЕ НА ФИЛТРИТЕ

4. Замена на филтрите

① Прво ставете го вистинскиот хепа филтер па потоа филтерот со активен јаглен.

② Ставете го пре-филтерот

- Прво ставете го филтерот во долните јазичиња, па потоа и во горните. Треба да слушнете слаб клик.



③ Вратете го предниот панел. Прво ставете го долниот дел па затворете го горниот дел. Магнетите ќе го привлечат панелот.



5. Ресетирање на уредот

① По промена на филтрите, вклучете го уредот, и со тенок предмет како на пример спајалица за хартија, притистете го РЕСЕТ копчете околу 5 секунди.



ОДРЖУВАЊЕ НА ФИЛТРИТЕ

6. Чистење на филтрите

Временските интервали на чистење може да варираат во зависност од загаденоста на воздухот

① Користете усисувач за да го исчистите префилтерот. Доколку е многу нечист исплактете го со вода.

- Не кристете сапуни и детергенти
- Доколку го миете со вода, нека се исуши пред да во вратите назад, најчесто околку 24 часа.



※ Дококолку префилтерот се оштети или треба да се замени

Контактирајте го локалниот дилер

ЗАБЕЛЕШКА

- Не користете бензен или алкохол за чистење бидејќи може да се оштети.
- Префилтерот може повторно да се корисит одкако ќе се исчисти. Проверете дали е сув.
- Не користете вода потопла од 40 степени или разредувачи на боја.
- Доколку го миете исушете го комплетно пред да во вратите. Во спротивно може да добие мирис.

ОДРЖУВАЊЕ НА ПМ СЕНЗОРОТ

Одржување на ПМ сенсорот

За оптимални перформанси, чистете го сензорот за ПМ честички кој детектира прав и ултра-мали честички, на секои два месеци. Чистете го почесто доколку уредот се користи во позагадена средина.

① Отворете го капакот од ПМ сензорот.



② Користете чепкалка за уши за чистење на леќата од сензорот и другите делови.

- Доколку има потреба користете само вода т.е навлажнети чепкалки. Не користете течности како аценот или алкохол.



③ Доколку сте користеле влажни чепкалки, препришете го сензорот со суви.



④ Затворете го капакот.

- Капакот може да се исчисти и со усисувач.



ЧИСТЕЊЕ НА УРЕДОТ

1. Чистење на надворешниот и внатрешниот дел

① Избришете го со влажна крпа. Потоа пребришете го со сува.

- Чистете го на секои 1-2 месеци.



② Отворете го предниот панел и исчистете ја внатрешноста со усисувач.

- Чистете го на секои 1-2 месеци.



ЗАБЕЛЕШКА

- Пред да го чистите, ислучете те го уредот и кабелот.
- Не го расклопувајте или поправајте уредот сами.
- Не користете детергенти или запалливи материи.
- Не дозволувајте деца да го чистат уредот.
- Пред да го чистите, проверете дека уредот е исклучен.

ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

Проблем	Проверка/Акции
Уредот не се вклучува	• Дали е уредот приклучен во струја? – Проверете дали уредот е приклучен во струја и дали во штекерот има струја. • Дали во домот имате струја? – Проверете дали другите уреди во вашиот дом работат.
Уредот не работи во авто мод	• Дали авто модот е селектиран? – Притиснете го копчето за мод за да го активирате автоматскиот мод. • Дали ПМ сензорот е блокиран или затнат – Исчистете го ПМ сензорот како што е објаснето во упатството.
Вибрира кога работи	• Дали е поставен на нерамна површина ? – Поместете го уредот на тврда рамна површина.

ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

Проблем	Проверка/Акции
Кабелот и штекерот се жешки	• Дали кабелот е цврсто приклучен ? – Проверете дали кабелот е цврсто приклучен во штекерот и штекерот е во добра состојба.
Има чуден мирис	• Дали уредот е користен во простории со многу чад, прашина или одор ? – Исчистете го префилтерот – Исчистете ги или променете ги филтрите.
Не дува силно. Уредот не го прочистува воздухот	• Дали свети индикаторот за промена на филтри. – Променете ги филтрите.
Дисплејот е затемнет	• Дали сензорот за светлина е покриен ? – Кога уредот е во авто мод, доколку собата е темна автоматски се активира ноќен мод.

СПЕЦИФИКАЦИЈА

Модел	ZERO (AZBU330-HWK)
Напон	AC 220 V - 240 V ~ 50 / 60 Hz
Моќност	70 W
Максимален капацитет	99 m^2
Димензии	380 mm(W) x 208 mm(D) x 600 mm(H)
Тежина	7 kg
Филтри	Филтер A / продукт : 115115
Пре-Филтер	Број #: 4521-0012-01

※ Изгледот, дизајнот и спецификацијата може да се изменат без претходно известување, со цел да се подобрат перформансите на уредот.

RoHS Compliant

ENERGY STAR

Allergy-friendly Quality Tested
ECARF

WINIX

2610-0169-00 Rev.00

Contact your local dealer for product related inquiries and customer service

WWW.WINIX.COM/EU